0402-2819/15

09-11-2026

Република Северна Македонија
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Биро за метрологија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Energjetikës, Xehetarisë dhe e Lëndëve të Para Minerale
Byroja për metrologji

Врз основа на член 49 став (2) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 4 став (2) од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 147/24), а во врска со член 48 ставови (3) и (4) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24 и 249/26) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/24), директорот на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за поништување на Интерен оглас бр. 1/2026

1. СЕ ПОНИШТУВА Интерниот оглас бр. 1/2026 за унапредување на административни службеници во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини – Биро за метрологија, објавен на огласната табла на Бирото за метрологија, како и на веб-страниците на Бирото за метрологија и Агенцијата за администрација.
2. Интерниот оглас од точка 1 на ова решение се поништува поради утврдени повреди на постапката за започнување и спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, спротивно на член 48 ставови (3) и (4) од Законот за административни службеници.
3. Со поништувањето на Интерниот оглас бр. 1/2026 престануваат сите понатамошни дејствија во постапката за унапредување започната по предметниот оглас.
4. Ова решение да се достави до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси и до Агенцијата за администрација, а известувањето за поништување на огласот да се објави на огласната табла и на веб-страницата на Бирото за метрологија, како и на веб-страницата на Агенцијата за администрација.
5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Во Бирото за метрологија е објавен Интерен оглас бр. 1/2026 за унапредување на административни службеници, на огласната табла на Бирото за метрологија и на веб-страниците на Бирото за метрологија и Агенцијата за администрација.
При проверка на постапката за започнување и објавување на предметниот интерен оглас, утврдени се неправилности во однос на почитувањето на законски пропишаната процедура за унапредување на административните службеници.

Имено, согласно член 48 став (3) од Законот за административни службеници, постапката за унапредување на административен службеник се започнува врз основа на барање од секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, доставено до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси.
Во конкретниот случај е утврдено дека од страна на директорот на Бирото за метрологија не е поднесено барање до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси за започнување на постапката за унапредување на административни службеници по Интерниот оглас бр. 1/2026.
И покрај отсуството на вакво барање, пристапено е кон објавување на интерниот оглас, без претходно да биде исполнет законски пропишаниот услов за започнување на постапката.
Дополнително, при проверката на содржината на објавениот интерен оглас е утврдено дека во истиот се наведени електронска адреса за доставување на пријавите од заинтересираните кандидати која не е електронска адреса на организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, ниту е утврдено дека истите биле службено определени од оваа организациона единица за прием и обработка на пријавите во постапката за унапредување.
Наведеното претставува дополнителна неправилност во организацијата и спроведувањето на постапката, имајќи предвид дека организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси има законски утврдена улога во објавувањето и спроведувањето на постапката за унапредување на административните службеници.
Со ваквиот начин на постапување е доведено во прашање почитувањето на законски пропишаната постапка, како и обезбедувањето на законито, транспарентно и еднакво постапување кон сите потенцијални кандидати.
Имајќи предвид дека постапката за унапредување е започната без претходно поднесено барање од надлежното раководно лице, како задолжителна претпоставка за нејзино започнување, утврдените неправилности се од суштинско значење за законитоста на постапката.
Поради наведеното, а со цел обезбедување законитост во постапувањето и спречување на понатамошно спроведување на постапка започната спротивно на законски пропишаната процедура, директорот на Бирото за метрологија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ДИРЕКТОР/DREJTORI
Shaban Nuredini

Изработил: Михајло Мишковски